errc
european roma rights centre

Wesselényi utca 16
Hungary – 1077 Budapest
Office Tel: +36 1 413 2200
Office Fax: +36 1 413 2201
E-mail: office@errc.org
www.errc.org

26 Март 2015

**Македонија да престане да се игра со пасошите на Ромите**

Будимпешта, Скопје: Европскиот Центар за Правата на Ромите како резултат на прислушкуваните разговори кои беа презентирани во јавноста, денеска испрати писмо до канцеларијата на Јавниот Обвинител на Република Македонија со барање да покрене постапка и да ги испита наводните службени злоупотреби на високите преставници на власта кои наводно ги злоупотребуваат и присилуваат Ромите да гласаат за определена политичка партија со наводно одземање на нивните биометриски документи.

Од пласираните прислушкувани разговори се слуша како високите преставници на власта наводно ги задржуваат биометриските документи на "Циганите" како предуслов за добивање на нивната подршка за време на избори. Според пласираните прислушкувани разговори, една од иницијаторите и личностите која разговара е Министерот за Внатрешни Работи на Република Македонија.

Наводните обвинувања се само дел од манипулацијата со пасошите на македонските Роми. ЕЦПР(ERRC) ја следи ситуацијата околу одземањето на пасошите која што порано ги таргетираше Ромите со законски одредби кои подоцна беа прогласени за неуставни од страна на Уставниот Суд на Република Македонија. Од друга страна, Ромите продолжуваат да бидат профилирани и вратени од македонските гранични премини.

ЕЦПР(ERRC) во однос на истото, има спроведено тестирање на ситуација на различни македонски гранични премини, со кое што конечно се докажа дискриминацијата и етничкото профилирање кое ги таргетира Ромите и нивното право како македонски граѓани да си ја напуштат сопствената земја. Дополнително, има организирано кампања со своите партнер организации, од која се очекува да се поднесат педесетина претставки за истиот проблем до Народниот Правобранител.

"Пасошите се највидливиот доказ за државјанството на една личност", вели András Ujlaky, директорот на Европскиот Центар за Правата на Ромите. "Актуелните манипулации со пасошите на македонските Роми, ги маркираат како граѓани од втор ред."

Адам Веисс, директорот на правниот одел на ЕЦПР(ERRC) и Тефик Махмут референтот за застапување денеска се во Скопје да ги презентираат јавно своите ставови околу ова прашање како организираат настан со меѓународните

релевантни фактори, каде што меѓу другото ќе се дискутира за можноста заеднички да се адресираат истите проблеми со кои се соочуваат Ромите во Македонија

Со почит,

Европскиот Центар за Правата на Ромите

Контакт лице: Тефик Махмут, 00389 75 613 613.